Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 12.06.2026
Орг.Един. / Nj. Org.: 09 | Број: / Numri: 25/2 | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë:

УПРК.бр.5/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судијата Елизабета Васкова - претседател на советот и судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз и м-р Тања Терзиева - членови на советот, со записничар м-р Наташа Витанска - судски советник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, поднесена преку полномошник м-р Бобан Богдановски адвокат од Скопје, против Заклучок ПП бр.09-31/9 од 28.03.2025 година, на Комисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата, со вредност на предметот на спорот во износ од 40,000.00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 10.02.2026 година, во отсуство на полномошникот на тужителот, уредно повикан и во присуство на овластени претставници на тужениот орган-Валентина Николова од Скопје, Надица Четорошка од Скопје и Михаела Вељковиќ од Скопје, согласно член 59 став 1 од Законот за управни спорови, ја донесе и на ден 17.02.2026 година, јавно ја објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, против Заклучок ПП бр.09-31/9 од 28.03.2025 година, на Комисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата , СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспорениот Заклучок ПП бр.09-31/9 од 28.03.2025 година, на Комисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата, се отфрла Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-41/1 од 04.10.2024 година, поднесено од Друштво за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје против ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија, заради сторен евентуален прекршок од член 11 став (2) точка 3) и точка 6) од Законот за заштита на конкуренцијата, согласно член 37 став (1) и став (2) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи дејствието опишано во Барањето не е прекршок.

Незадоволен од Заклучокот ПП бр.09-31/9 од 28.03.2025 година, на Комисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата, тужителот преку полномошникот поднесе тужба со која го оспори предметниот Заклучок по сите законски основи, односно поради суштествена повреда на одредбите на постапката, нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата се наведува дека тужениот орган сторил суштествени повреди на одредбите на постапката при одлучувањето, бидејќи оспорениот заклучок немал доволно образложени факти за решителните факти од кои се раководел тужениот орган при одлучувањето, дадените причини за решителните факти биле нејасни и противречни со содржината на материјалните докази прибавени и изведени во текот на доказната постапка,

поради што, оспорениот заклучок бил неподобен за испитување и како таков бил спротивен на Законот. Воедно се посочува дека Комисијата немало побарано и обезбедено информации за причините поради кои сите барања во периодот до 2022 година за приклучување на трафостаница 35/10 kw Кратово биле одбиени од страна на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје и се наведува дека операторот на дистрибутивниот систем ја злоупотребил својата позиција како ОДС и ги одбил сите барања за приклучување на производители на подрачјето на општина на Кратово, пред да биде потрошен наведениот дистрибутивен капацитет на ТС Пробиштип, со што оневозможил развој на еден регион во државата, на која околност во постапката не биле прибавени, ниту биле изведени докази од страна на тужениот орган. Во тужбата се наведува дека ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје како оператор на дистрибутивниот систем има обврска да обезбеди надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа и да овозможи приклучување на нови корисници на електродистрибутивниот систем на објективен и транспарентен начин со кој се оневозможува дискриминација на корисниците на системот, но ОДС не обезбедил еднакви услови за приклучување на дистрибутивниот систем за тужителот и за останатите барател за приклучување на дистрибутивниот систем на ТС Кратово, со што сторил прекршок казнив по член 11 став 2 точка 3 и точка 6 од Законот за заштита на конкуренцијата. Предвид наведеното, се предлага Судот да ја уважи тужбата, а оспореното решение да го поништи.

Тужениот орган ги достави списите по предметот и во одговор на тужба остана кон наводите во оспоренооит Заклучок. Тужениот орган посочи дека оспорениот Заклучок е донесен по спроведена постапка во која биле обезбедени и анализирани сите релевантни докази доставени од двете страни, при што КОП целосно, правилно и објективно ја утврдил фактичката состојба и врз таа основа, соодветно го применил материјалното право и следствено на тоа, не постоела никаква повреда на правилата на постапката, ниту пак погрешна примена на материјалниот закон. Од тие причини, тужениот орган му предложи на Судот да донесе пресуда со која ќе ја одбие тужбата на тужителот како неоснована и во целост ќе го потврди Заклучокот ПП бр. 09-31/9 од 28.03.2025 година.

Судот уредно го достави одговорот на тужба од тужениот орган до полномошникот на тужителот, заради запознавање со неговата содржина, по кој истиот не се произнесе.

Постапувајќи по предметната тужба, Судот закажа и на ден 10.02.2026 година, одржа јавна усна расправа, во отсуство на полномошникот на тужителот, уредно повикан и во присуство на овластени претставници на тужениот орган-Валентина Николова од Скопје, Надица Четорошка од Скопје и Михаела Вељковиќ од Скопје.

На расправата, претставникот на тужениот орган- Надица Четорошка од Скопје, изјави дека остануваат во се' како во одговорот на тужба. Наведе дека оспорениот Заклучок е донесен по целосно спроведена постапка врз основа на објективно утврдена фактичка состојба. Појасни дека во текот на постапката тужениот орган ги обезбедил сите релевантни податоци и документи од двете страни, потоа била извршена анализа на технолошките услови за приклучување и укажа дека тужениот орган, исто така ја утврдил и хронологијата на поднесените барања за приклучокот. Претставникот на тужениот орган посочи дека од доставените докази, недвосмислено произлегувало дека во моментот на

поднесување на барање за приклучок од страна на тужителот, не постоел слободен диструбутивен капацитет што претставувал основ за одбивање на пристап согласно мрежните правила. По однос на наводот дека била злоупотребена доминантаната позиција, Комисија за одлучување по прекршок потврдила дека истата не била злоупотребена, со оглед на тоа дека сите поднесени барања откако бил исполнет капацитетот на трафостаницата биле одбиени на идентичен начин, без селективност и дискриминација, како и дека барањето на поврзаното претпријатие на Електродистрибуција било поднесено во период кога се' уште не бил исполнет капацитетот, поради што Комисија за одлучување по прекршок смета дека тоа дејствие не може да се квалификува како прекршок во смисла на Законот за заштита на конкуренцијата. Поради наведеното, му предложија на Судот да донесе одлука со која ќе го отфрли тужбеното барање и ќе го потврди оспорениот Заклучок на Комисијата за одлучување по прекршок, во целост.

Во доказна постапка, Судот на расправата ги изведе следните докази: Заклучок број 09-31/9 од 28.03.2025 година, Барање за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 09-41/1 од 04.10.2024 година, Заклучок за барање на податоци ПП бр. 09-31/1 од 21.02.2025 година, до Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (со пропратно писмо ПП бр. 09-31/2 од 21.02.2025 година), Заклучок за барање на податоци ПП бр. 09-31/3 од 21.02.2025 година, до ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје ( со пропратно писмо ПП бр. 09-31/4 од 21.02.2025 година) Допис од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ПП бр. 09-31/5 од 28.02.2025 година, Допис од Комисија за одлучување по прекршоци при Комисија за заштита на конкуренција до Електродистрибуција ДООЕЛ ПП 09-31/6 од 28.02.2025 година, Допис од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ПП бр.09-31/7 од 06.03.2025 година (со прилози), Допис од ЕЛА Енерџи ДОО Скопје 09-31/8 од 11.03.2025 година (со прилози), Стручен наод по однос на Заклучок бр.09-31/1 од Комисија за одлучување по прекршоци при Комисија за заштита на конкуренција од проф.д-р Методија Атанасовски од месец Март 2025 година, со комплет документација доставена од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, План за развој на електродиструбутивен систем за период 2025 -2029, на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје од месец 10.2024 година, План за развој на електродистрибутивен систем за период 2024-2028, на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје од месец 12.2023 година, План за развој на електродистрибутивен систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за период 2023 - 2027, со вклучени долгорочни инвестиции 2028 -2032, од месец 11.2022 година.

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, врз основа на наводите и доказите од тужбата, како и од увидот во списите на предметот и одговорот на тужба, доставени од тужениот орган, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата е неоснована.

Видно од списите на предметот, Друштвото за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје до Комисија за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата, поднело Барање за поведување прекршочна постапка против ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија, заведено под ПП. број 09-41/1 од 04.10.2024 година, со наводи дека ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје ја злоупотребил својата доминантна позиција, на начин што неоправдано го одбил

барањето на сега тужителот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, за издавање на решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на фотонапонска централа со капацитет од 100 KW, заведено под УП1-10-804/2023, со образложение дека наводно бил исполнет капацитетот за приклучок на дистрибуирани производители на енергетскиот трансформатор во напојна ТС 110/35/10 KV Пробиштип и во временскиот период од 2020 до 2023 година ги одбил сите барања на заинтересирани инвеститори за приклучување на фотонапонски централи со капацитет до 1 MW на среднонапонска дистрибутивна мрежа на територијата на општина Кратово и Пробиштип, а од друга страна во 2023 година донел одлуки- решенија за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на три фотонапонски централи на поврзано претпријатие ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје на СН мрежа, на истата напојна трафостаница. Постапувајќи по барањето за приклучок на сега тужителот Друштво ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје го донела Решението УП1-10-804/2023 од 07.11.2023 година, со кое го одбива предметното Барање, со образложение дека е исполнет капацитетот на дистрибутивната мрежа и поради отстапување на напонот на 10 kv извод Села од ТС 35/10 kv Кратово над пропишаните граници на отстапување на номиналниот напон на нормален режим на работа согласно член 62 и член 74 став 1 од Мрежните правила за дистрибуција на електична енергија, по што сега тужителот Друштво за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, по што, изјавил приговор до Регулаторна комисија за енергетика, која пак донела Решение УП2.бр.09-14/24, која Комисија, го уважила приговорот, го поништила Решението П1-10-804/2023 од 07.11.2023 година, на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје и предметот го вратила на повторно разгледување и одлучување, по што во повторна постапка, било повторно одбиено барањето за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа.

Воедно, во Барањето се наведува дека во октомври 2022 година, застапникот на сега тужителот Друштво ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, поднел Барање за мислење за приклучок на фотонапонска централа на КП 1038 КО Коњух. Постапувајќи по предметното барање, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје доставил одговор со арх. Бр.2048872 од 12.10.2022 година, со кој го известил барателот дека не е можно приклучување на планираната ФВЦ на постоечкиот СН извод. Сега тужителот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, во барањето навела дека до 2023 година од страна на заинтересирани инвеститори биле поднесени најмалку 9 барања за приклучување на фотонапонски централи со капацитет до 1 MW на постојниот СН извод Села до напојна трафостаница во Кратово, но од страна на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје биле одбиени сите барања, со образложение дека не постоеле технички услови за приклучување на дистрибутивната мрежа.

Со допис ПП бр.09-31/7 од 06.03.2025 година, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје до сега тужениот орган, ги доставила бараните податоци и документи со Заклучокот ПП бр.09-31/1, со кој допис посочила дека во периодот од 2020 до 2022 година, за сите барања кои биле поднесени биле издадени Решенија за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа за фотонапонски централи на дистрибутивна мрежа во напојна ТС 110/35/10 kv Пробиштип и ТС 35/10 к? Кратово, а на ден 26.04.2023 година за прв пат донела Решение за одбивање на Барање за приклучување на електродистрибутивната мрежа на фотонапонски централи во напојна ТС 110/35/10 kv Пробиштип и ТС 35/10 kv Кратово, поради немање на потребен дистрибутивен капацитет,

согласно член 17 став 2 точка 1 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. Останатите барања за приклучување на фотонапонски централи кои биле поднесени после 26.04.2023 година, биле одбиени по истиот основ, односно поради немање дистрибутивен капацитет.

Произнесувајќи по наводите на сега тужителот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, во Дописот ПП бр.09-31/7 од 06.03.2025 година појаснила дека по 2023 година, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје донел одлуки- решенија за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на три фотонапонски централи на поврзано претпријатие ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје на СН мрежа на истата напојна трафостаница, со образложение дека моќноста на ФЕЦ ЕВН СОЛАР 3 изнесува 450,17 KW, па почнувајќи од 25.04.2023 година, сите барања за согласност за приклучување на други фотонапонски централи во ТС 110/35/10 kv Пробиштип биле одбивани поради недостаток на дистрибутивен капацитет. Исто така, во предметниот Допис, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје навела дека постапувала по барањата за согласност за приклучување на дистрибутивна мрежа според датумот на прием на барањето и при тоа се водела сметка да се обезбеди приоритет во пристапот на дистрибутивниот капацитет за производителите на електрична енергија од обновливи извори на енергија, притоа имајќи ги во предвид ограничувањата кои произлегувале од оперативните можности на дистибутивниот систем (член 16 став 1 и став 2 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија). ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје навела дека на ден 12.10.2022 година, сега тужителот Друштво за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје прво поднел Барање за изготвување на потенцијално техничко решение за приклучување на генераторска единица на дистрибутивната мрежа, што било скоро една година пред да поднесе Барање за согласност за приклучување, заведено под УПI 10-745 од 18.09.2023 година, а кој одговор содржел јасна напомена дека истиот не претставува решение за согласност за приклучување и важел согласно моментните услови во мрежата, дека информации се од информативен карактер и не се обврзувачки за ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.

Во Дописот се наведува дека Барањето за согласност за приклучување на ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје било доставено на 30.12.2022 година, кога се уште имало потребен дистрибутивен капацитет, а Барањето за приклучок на ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје било доставено на 18.09.2023 година. Сега тужителот, корисникот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, првично доставил Барање за согласност за приклучување, заведено под УП1-10-745 од 18.09.2023 година, со Pmax 295 kW, кое било одбиено со Решение УП1-10-745 од 06.10.2023 година, со образложение дека ТС 35/10 kV Кратово во нормална вклопна состојба се напојувала од ТС 110/35/10 kV Пробиштип, каде во моментот не постоеле технички услови за приклучок на фотонапонска централа на дистрибутивна мрежа поради исполнување на капацитетот на енергетските трансформатори во напојна ТС 110/35/10 kV Пробиштип од дистрибуирани производители. Сега тужителот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, по одбивањето на вака поднесеното Барање, од страна на претставници на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје бил повикан на состанок, на кој им било објаснето кои се причините за одбивање на барањето и дека на тој извод немало можност за приклучување на производители. На истиот извод бил приклучен потрошувачот производител Магрони со 150 kW, на кој му било наложено да постави блокатори кои ќе оневозможат внес на произведена електрична енергија во

електродистрибутивниот систем, па произведената електрична енергија, корисникот да ја троши за сопствени потреби.

Потоа, сега тужителот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје поднел ново Барање за приклучување заведено под УП1-10-804 од 18.10.2023 година, со Pmax 100 kW, кое било одбиено со Решение УПI-10-804 од 07.11.2023 година, со истото образложение.

По приемот на Решението УП2 бр.09-14/24 од 27.05.2024 година, на Регулаторната комисија за енергетика, кое било примено на 29.05.2024 година, со кое се поништува Решението за одбивање на Барањето за согласност за приклучување, бр.10-804 од 07.11.2023 година, со новодонесеното Решение УП1-10-804/2023 од 05.07.2024 година, повторно било одбиено Барањето за издавање согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа, заведено под УП1-10-804, со истото образложение, со наводи дека иако второто барање заведено под УП1-10-804 од 18.10.2023 година, се однесувало на моќност од 100 kW, барателот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, сега тужител, во прилог ги доставил истите документи од претходното Барање заведено под бр.УП1-10-745 од 18.09.2023 година, со Pmax = 295 kW кое се однесувало на 295 kW, колку што бил проектот и одобрението за градење. Кон ваквото објаснување, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, укажува дека кога има промена на моќноста, задолжително било претходно да се обезбеди друг основен проект и ново одобрение за градење или измени на одобрението за градење, за што во предметниот случај од страна на барателот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, сега тужител не биле доставени докази ДО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.

Против вака донесеното Решение, сега тужителот Друштвото за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, на ден 15.07.2024 година, поднел Приговор до Регулаторната комисија за енергетика, по кој ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје немала примено одлука.

Во моментот на одлучување по барањата на сега тужителот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје имала издадено Решенија за електроенергетска согласност за приклучок на фотонапонски централи и приклучено фотонапонски централи по издадени Решенија за енергетска согласност, со приближна моќност од 50,5 MW, со што бил исполнет капацитетот на енергетските трансформатори во напојна ТС 110/35/10 kV Пробиштип.

По барањата од корисникот Друштво за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, како и по барањата поднесени од други баратели за напојна ТС 110/35/10 kV Пробиштип, изготвена била анализа на напонските прилики во сите четири карактеристични режими на работа во стационарен режим, како и пресметките на релативни промени на напонот во нестационарен режим во точката на приклучок, ГИС скица со постоечка и новопредвидена состојба со вцртан објект, мрежа и трафостаница со стандардизирани ознаки за НН, СН, ТС и означени локации на сите баратели за приклучок во околината.

Со допис ПП бр.09-31/8 од ден 11.03.2025 година, корисникот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, сега тужител до тужениот Комисија за одлучување по прекршок ги доставила бараните податоци и документи со Заклучокот ПП бр.

09-31/3, во кој Допис, тужителот ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје навел дека за да може едно трговско друштво да добие лиценца за производство и продажба на електрична енергија до 1МВ, истото мора да добие согласност за приклучок од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.

По прибавувањето на потребните податоци и документи, а имајќи го предвид целиот тек на постапката, како и произнесувањето од страна на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје и Стручниот наод по однос на Заклучок бр. 09-31/1 од Комисијата за одлучување по прекршок, изработен од проф. д-р Методија Атанасовски, тужениот орган ја утврдил следната фактичка состојба: Капацитетот на напојните трансформаторски станици ТС 110/35/10 kV Пробиштип и ТС 35/10 kV Кратово бил веќе исполнет во моментот кога тужителот поднел барање за согласност за приклучување, дека сите барања што биле поднесени по 26.04.2023 година биле одбиени од технички причини, без оглед на идентитетот на подносителот, одобрувањата за приклучок кои биле издадени на поврзаното претпријатие ЕВН МАКЕДОНИЈА Електрани ДООЕЛ Скопје се однесувале на барања кои биле поднесени претходно, кога се уште имало слободен капацитет; како, а било констатирано и дека сега тужителот, првично во постапката доставил документација за проект со повисока моќност (295 kW), а поднел Барање за приклучок со пониска моќност (100 kW), без да обезбеди нов основен проект или измени на одобрението за градење, при што решенијата со кои биле одбиените барањата за приклучок кон дистрибутивна мрежа, технички биле образложени и засновани на член 17 став 2 точка 3 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, причините за одбивање биле транспарентно наведени и биле исти за сите поднесени барања во идентична ситуација.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, тужениот орган го донел оспорениот Заклучок со кој го отфрлил Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-41/1 од 04.10.2024 година, поднесено од сега тужителот Друштво за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, против ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија, заради сторен евентуален прекршок од член 11 став 2 точка 3 и точка 6 од Законот за заштита на конкуренцијата, а имајќи го предвид членот 37 став 1 и став 2 точка 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека дејствието опишано во предметното Барање не претставува прекршок.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспорениот Заклучок Заклучок ПП бр.09-31/9 од 28.03.2025 година, не го повредил Законот на штета на тужителот, поради следното:

Согласно член 3 став 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10....83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.208/24 и 16/25), овој Закон се применува на: претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа.

Согласно член 11 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. Согласно став 2 точка 3 од истиот член, злоупотребата од ставот (1) од овој член особено постои во случај на примена на различни услови за исти или слични правни работи со

други трговски партнери, со што се ставаат во понеповолна конкурентска позиција. Согласно став 2 точка 6 од истиот член, злоупотребата од ставот (1) од овој член особено постои во случај на неоправдано одбивање да му се овозможи пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти на друго претпријатие за соодветен надомест, доколку без ваквото истовремено користење, другото претпријатие, заради правни или фактички причини биде оневозможено да дејствува како конкурент на определен релевантен пазар. Согласно став 3 од ќкен 11 од наведениот Закон, одредбата од ставот (2) точка 6) од овој член нема да се применува ако претпријатието со доминантна позиција докаже дека, заради оперативни или други причини, истовременото користење на неговата мрежа или на неговите инфраструктурни објекти не е возможно или дека тоа не може да се дозволи од оправдани причини.

Согласно член 59 став 1 точка 2 од Законот за заштита на конкуренцијата, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од овој Закон.

Согласно член 17 став 2 од Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија: ОДС е должен, во согласност со овие Мрежни правила и Правилата за снабдување со електрична енергија, на постојните и новите корисници да им овозможи пристап на дистрибутивниот систем: 1) на објективен, транспарентен и недискриминаторен начин, 2) заснован на начелото на регулиран пристап на трета страна, и 3) со примена на цени и тарифи претходно одобрени од страна на РКЕ. ОДС може да одбие пристап на дистрибутивниот систем само во случаи кога: 1) нема потребен дистрибутивен капацитет, 2) обезбедувањето на пристап на одреден корисник може да го загрози снабдувањето со електрична енергија на останатите корисници коишто се веќе приклучени на дистрибутивниот систем, 3) обезбедувањето на пристап на дистрибутивниот систем би го спречило ОДС да ја извршува својата обврска за јавна услуга. Во случај кога ОДС одбива пристап за случаите од став (2) на овој член, донесува Решение во кое детално и недвосмислено ги наведува причините за одбивање што мора да бидат засновани на техничко и економско оправдани критериуми. Корисниците на кои им е одбиен пристап на дистрибутивниот систем или се незадоволни од условите за пристапот на системот можат да поднесат приговор до РКЕ.

Согласно член 37 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, ако Комисијата за одлучување по прекршок утврди дека не постојат законски услови за поведување постапка, барањето од член 34 од овој закон ќе го отфрли со заклучок. Согласно став 2 од истиот лкен, не постојат законски услови за поведување на постапка доколку: 1) дејствието опишано во барањето не е прекршок; 2) барањето го поднело лице кое нема легитимен интерес за утврдување на прекршок; 3) барањето не е поткрепено со докази, 4) настапила застареност на прекршочното гонење; 5) однесувањето кое е предмет на барањето не доведува до значително нарушување на конкуренцијата или 6) доколку не постои јавен интерес за водење на прекршочна постапка.

Од изложената правна и фактичка состојба, имајќи ги предвид цитираните одредби и доказите во списите на предметот, Судот најде дека тужениот орган во постапката, правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба и во корелација со претходно наведените законски одредби, донел правилен и законит Заклучок ПП бр.09-31/9 од 28.03.2025 година, со кој го отфрлил Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-41/1 од 04.10.2024 година, поднесено од сега тужителот Друштво за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, против ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје Друштво за дистрибуција на електрична енергија, заради сторен евентуален прекршок од член 11 став 2 точка 3 и точка 6 од Законот за заштита на конкуренцијата, а имајќи го предвид членот 37 став 1 и став 2 точка 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека дејствието опишано во предметното Барање не претставува прекршок. По наоѓање на овој Суд, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, правилно утврдила дека капацитетите на напојна ТС 110/35/10 kv Пробиштип и ТС 35/10 kv Кратово немале потребен дистрибутивен капацитет во моментот на поднесување на барања за приклучок од страна на ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје и дека ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, правилно и основано постапила согласно горецитираниот член 17 став 2 точка 3 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, кога го одбила пристапот на дистрибутивниот систем на корисник ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, сега тужител, со оглед на околноста дека посочените капацитети го немале потребниот дистрибутивен капацитет. Воедно, Судот цени дека правилно констатирала Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, дека Барањето за приклучок од ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје било поднесено пред Барањето на ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје и поради се' погоренаведено, дејствието опишано во Барањето за поведување прекршочна постапка не претставува прекршок согласно член 59 став 1 точка 2 и член 11 став 2 точка 3 и точка 6 од Законот за заштита на конкуренцијата.

При одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводи дека ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје требало да обезбеди приоритет за пристап на дистрибутивниот систем и приоритет при диспечирање на електрична енергија, да врши надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа, согласно законска обврска предвидена со член 93 став 2 од Законот за енергетика, но Судот истите ги оцени како неосновани, имајќи го предвид фактот дека ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје ја надградувала и проширувала електродистрибутивната мрежа во согласност со плановите за развој кои ги изработувала согласно член 10 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и кои согласно член 10 и 11 од Законот за енергетика, ги одобрувала Регулаторната комисија за енергетика, а кои биле јавно достапни преку веб страната на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје. Во таа насока, Судот укажува дека обврската за обезбедување приоритетен пристап на производители од обновливи извори на енергија, согласно Законот за енергетика и Мрежните правила, постои и мора да се почитува и исполнува при постоење на услови на техничка можност за приклучување, што во конкретната ситуација не е случај, односно видно од приложените докази, евидентно е таква техничка можност не постоела, односно дистрибутивниот капацитет на напојната ТС 110/35/10 kV Пробиштип бил целосно исполнет, а тоа, по наоѓање на овој Суд е легитимен основ за одбивање на приклучокот согласно член 17 став 2 точка 3 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Следствено на горенаведеното, тужениот орган како надлежен орган согласно горецитираните одредби од Законот за заштита на конкуренцијата, по правилно спроведената прекршочна постапка, правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба и согласно претходно посочените законски одредби, донел законито и правилно решение кога утврдил дека одбивањето на приклучокот на сега тужителот Друштво за производство на електрична енергија ЕЛА ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, било засновано на технички неможности, односно поради исполнет капацитет на трансформаторските станици, што е законски основ за одбивање пристап согласно член 17 став 2 точка 1 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија. По наоѓање на овој Суд, правилно утврдила Комисија за одлучување по прекршоци при Комисијата за заштита на конкуренцијата, дека во конкретното дејствие не се содржани потребните елементи за истото да би можело да се квалификува како прекршок во смисла на член 11 став 2 точка 3 и точка 6 од Законот за заштита на конкуренцијата..

Со оглед на напред изложеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови, како во изреката на оваа одлука.

ПРЕСУДЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 17.02.2026 година, под УПРК.бр.5/2025.

Записничар – Судски советник
м-р Наташа Витанска

Претседател на совет- Судија
Елизабета Васкова

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој Суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресудата да се достави до:
- тужител преку полномошник
- тужен орган

ВТ/

Претседател на совет- Судија
Елизабета Васкова

Сообразноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник